РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 99-та седница одржана на 30.01.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-3971/1 од 11.08.2023 година, оформен по доставена пријава за службеното ----------, Градоначалник на ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Инспекциски совет на РСМ.

Предметот со број 12-3971/1 од 11.08.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, Државен ---------- инспекторат на ден 11.08.2023 година, поднесена е пријава за службеното лице -----------, Градоначалник на ----------- и оформен е предмет број 12-3971/1 од 11.08.2023 година.

Државниот ----------- инспекторат со пропратно писмо заведено со број 09------/1 од 10.08.2023 година доставува Записник од извршен вонреден инспекциски надзор во СУГС „----------“ – -------, заведен со Ип1 број 09----- од ----.2023 година, при што е укажано дека била констатираната состојба за назначено несоодветно лице за в.д Директор на училиштето, од страна на Градоначалникот на ----------. Истиот записник бил доставен и до Министерството за образование и наука како и до -----------.

Од увид во приложениот записник може да се констатира дека инспекторот при извршениот вонреден инспекциски надзор утврдил дека со донесено Решение на ден -----.2023 година од страна на Градоначалникот на ----------, на лицето ------------- и престанало вршењето на должноста в.д Директор на училиштето, за на ден ------.2023 година да биде именувано лицето ---------------.

Наведено е дека ова именување било извршено спротивно на член 93-в став 1 од Законот за средното образование, односно наведеното лице не било од редот на вработените во училиштето туку се работело за лице кое во тој момент било вработено со договор на определено време, како замена – наставник по математика

на местото на претходно именуваната в.д Директорка --------------, каде по сила на закон и престанал работниот однос на ден --------.2023 година.

Исто така е наведено дека при извршен увид било констатирано дека именуваното лице ------------ немала положено испит за директор а и немала потврди од надлежни органи дека во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда не и била изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Во продолжение е наведено дека инспекторот утврдил дека две лица кои биле редовно вработени во училиштето го имале положено потребниот испит за директор и ги поседувале потребните услови за нивно именување за вршител на должност.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до ---------- со цел обезбедување на информација за тоа дали од страна на ---------- било постапено по даденото известување и кои биле преземените активности.

------------ достави одговор во кој е наведено дека по доставениот Записник за извршен надзор од страна на Државниот ----------- инспекторат, бил извршен вонреден инспекциски надзор од страна на овластениот ----------- инспектор при Секторот за инспекторат на ----------, ----------- и бил изготвен Записник заведен со број ------------ од ---------.2023 година, а кој записник е доставен во прилог ва одговорот.

Во записникот е наведено дека на ден ---------.2023 година бил извршен вонреден инспекциски надзор при што било констатирано дека лицето ------------- има положено испит за директор и дека има потврда од Централен регистар со која се потврдило дека не и е изречена прекршојчна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Во врска со констатираното од страна на Државниот ------------инспекторат дека не бил исполнет условот за именување на в.д Директор од редот на вработените, ---------- во прилог на одговорот доставува Договор за вработување на определено време склучен помеѓу СУГС „----------" и лицето -----------, со важност од --------.2023 година до ---------.2023 година.

Исто така при вонредниот инспекциски надзор кој бил извршен на ден -------.2023 година било констстирано дека в.д директорот на училиштето проложил доказ Одлука доставена во училиштето на ден ---------.2023 година со која Градоначалникот на --------го задолжува Училишниот одбор на СУГС „-----------"-Скопје да распише јавен оглас за избор на директор, согласно член 92-а став (1) од Законот за средното образование.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, се работи за две спротиставени констатирани состојби во истото училиште

од страна на надлежни ----------- инспектори, односно наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што оцени дека ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Инспекциски совет на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: м-р К.З
Одобрил: м-р Г.Т, Член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**